# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2006

Коалиција на младински организации

Коалиција на младински организации СЕГА
Ул. Маршал Тито бр. 112е , 7500 Прилеп, Македонија
Тел/факс. +389 48 437 928
www.sega.org.mk sega@sega.org.mk

Во периодот јануари - декември 2006 година, Коалицијата на младински организации СЕГА, работеше согласно предвидената Годишна програма. Проектите коишто беа реализирани во овој период беа во рамките на приоритетите од стратешкиот план: Лидерство во донесување и спроведување на Националната Стратегија за Млади на РМ, Континуиран развој на капацитетите на коалицијата, Долгорочна финансиска одржливост на коалицијата и Формирање и развој на младински пријателски сервиси на локално ниво.

## Преглед на реализирани активности и проекти

- **Набавка на опрема**
- **Финализирање на дата базата за човечки ресурси**
- **Обука за прибирање на финансиски средства**
- **Состаноци на Управен Одбор**
- **Креирање на база на податоци за технички ресурси**
- **Секторски работилници со претставници на членките на СЕГА**
- **Регрутирање и креирање на база на податоци на волонтери по регионални канцеларии на СЕГА**
- **Подготовка и реализација на студиска посета во Националниот Младински Совет на Р. Словачка**
- **Подготовка и испорака на обуки за Стратешко Планирање по регионалните канцеларии на СЕГА**
- **Формирање и функционалност на ФР тим**
- **Поготовка на Advocacy кампања**
- **Состаноци на Управен Одбор**
- **Реализација на активности од проектот "Градење на координиран Национален одговор кон ХИВ/СИДА во Република Македонија" во партнерство со ХОПС, Министерство за здравство и Global Found**
- **Развивање на административни документи**
- **Сосотаноци со донатори за обезбедување на дополнителни средства за реализација на проектот "ADVANCED FUNDRAISING TRENING- Access to funding for your organizations in Europe"**
- **Состаноци со SNV Netherlands Development Organization**
- **Работилници со ФР тимот на СЕГА**
- **Сосотаноци со организации кои испорачуваат странски волонтери**
- **Состанок со World Learning**
- **Подготвување на партнерски проект за креирање на локални младински политики**
- **Реализација на работилници со волонтери на СЕГА, во регионалните канцеларии**
- **Организирање на Обука за младинска политика и застапување и лобирање за волонтерите од секторот образование**
- **Реализација на студиска посета на Европскиот младиснки форум во Македонија**
- **Организирање на семинар за размена на ФР искуства**

- **Набавка на опрема**

Во насока на исполнување на еден од приоритетите на Коалицијата - зајакнување на техничките капацитети во месеците јануари / февруари 2006 год. се вршеше дистрибуција и адаптација на техничката опрема за Централната канцеларија и четирите регионални канцеларии на Коалицијата, согласно со предвидените активности кои се дел од проектот "Јакнење на капацитетите на граѓанските организации". Во овој период канцелариите беа опремени со вкупно 11 персонални компјутери (7 ПК за Централната канцеларија и по еден за секоја регионална канцеларија), 1 лап-топ комјутер, канцелариски мебел за сите канцеларии (согласно со техничките потреби) и 5 бели табли. Со добиената опрема се создадоа основните услови за функционирање на Централната канцеларија која има капацитет за одржување на состаноци со 24 учесници или помали работилници и тренинзи, а регионалните канцеларии со капацитет кој ќе овозможи вклучување на уште едно лице за работа во канцеларијата. Во наредниот период следеше испораката на останатата опрема која се состои од 5 ласерски (црно-бели) печатачи, еден колор печатач, 5 мултифункционални апарати (фотокопир-скенер-факс и принтер), 7 телефонски апарати и 1 ЛЦД проектор.

- **Финализирање на дата базата за човечки ресурси**

Според активностите предвидени со Развојниот план од проектот "Јакнење на капацитетите на граѓанските организации" кој е спроведуван од страна на Дански совет за бегалци (ДРЦ), а финансиран од Европската агенција за реконструкција (ЕАР), во текот на месец ноември 2005 година беше завршена Базата на податоци за капацитети на Коалицијата. Истата овозможува преглед на човечките капацитети со кои располага Коалицијата, а се наменети за давање на услуги (испорачување на обуки) на локалните членки, со што може да се следи развојот на локалното членство од една страна, но од друга страна се јавува и можност за меѓусебна помош на организациите. Базата на податоци во текот на целата 2006 година тековно се надоградува, согласно Стратешкиот план на Коалицијата, т.е. на секои три месеци.

- **Обука за прибирање на финансиски средства**

Во насока на исполнување на Годишната програма за работа на Коалицијата, за тековната 2006 год, во периодот од 17 до 19 февруари во Крушево се одржа обуката за "Финансиско планирање и прибирање на средства". На оваа обука учествуваа 19 претставници, од исто толку организации членки на Коалицијата, кои се здобија со нови знаења и техники кои практично ги применија изготвувајќи Fund-raising планови за Годишната програма на Коалицијата, Младинските пријателски сервиси (предвидени во тригодишниот Стратешки план и Годишната програма) и планови за работа на трите програми на СЕГА (образование, здравство и застапување и лобирање). Како резултат на обуката беа подготвени драфтирани верзии од трите споменати планови, кои во наредниот период, преку еднодневни работилници во месец април 2006 год. беа финализирани.

- **Состаноци на Управен Одбор**

Во периодот кој е предмет на овој извешетај се одржаа два состаноци на Управниот Одбор на кои се донесоа одлуки кои се однесуваа на воспоставување на одредени финасисики процедури и одлуки за дел од програмското работење на колаицијата.
На состанокот на УО кој се одржа на 12, 03, 2006 година се одлучуваше за која организација која ќе ја менаџира работата на регионалната канцеларија на СЕГА во Скопје за која комплетна документација поднесоа следните организации:

- Детски Парламент на Македонија - Велес - Стевче Дечев - [1] 0 гласови ЗА
- ХОПС - Мики Трајковски - 0 гласови ЗА
- МЦПРК - Оливер Трифуновски - 3 гласа ЗА + 1 воздржан

Според глсањето на членовите на УО одлучено е менаџирањето со РК - Скопје да се додели на МЦПРК - Скопје.
На овој состанок се донесе одлука за воспоставување на процедура за набавки според која во иднина при правење набавки над 250 - ЕУР мора да се набават 3 понуди и јасно да се образложи изборот за најсоодветната.
Исто така на овој состанок беше разгледана и апликација за членство во коалицијата на организацијата Сојуз на Студенти на Универзитетот Св. "Климент Охридски", по која УО одлучи да се прими како придружна организација - членка на Коалицијата СЕГА.

На сосотанокот на УО кој се одржа на 20, 05, 2006 година се донесе одлука за Избор на преставник на Коалицијата во составот на Националната комисија за изработка и имплементација на Акционен план на Националната стратегија за млади (при АМС), според која Љупчо Велковски од Интеркултура беше предложен до АМС, но поради неисполнување на критериумите (возраст до 30 години) истиот беше заменет со Христијан Јанкуловски.
На сосотанокот на управниот одбор по разгледување на апликациите за ФР тим и дискусија по однос на истите, едногласно донесе одлука ФР тимот на СЕГА да го сочинуваат: Ана Додевска (ИНТЕРКУЛТУРА), Билјана Димитриеска (Младински Совет Гостивар), Билјана Ѓеорѓиевска (СЕМПЕР Битола), Ана Чукалевска (Младински Совет Охрид) и Ангела Илиоска (ИМОР Битола).
На овој сосотанок се донесе одлука за чување готовина, според која Коалицијата СЕГА може да чува готовина во висина до 30.000.оо МКД.

- **Креирање на база на податоци за технички ресурси**

Според воспоставените процедури за архивирање и евидентирање на коалиција СЕГА, во текот на месец март 2006 година по обезбедувањето на Excel програмата изработена од страна на ДРЦ, се започна со креирање на базата на податоци на техничките капацитети на колаицијата. Базата овозможува брз преглед на целокупната опрема. За да се обезбеди долгорочно евидентирање и документирање на техничките капацитеи се изработија и специфични (шифрирани) налепници со соодветни кодови за секој производ или елемент, Договор со организациите кои ги менаџираат регионалните канцеларии и реверс на опрема. Во текот на месец март и април 2006 беше направена посета на РК-ии од страна на пописна комисија (која ја одреди УО на СЕГА) која што на лице место изврши попис на опремата. Поради објективни причини направен е попис во РК на СЕГА во Тетово во јануари 2007 година.

- **Секторски работилници со претставници на членките на СЕГА**

Во согласност со месечните планови за работа, а воедно и според тримесечниот план (Развојниот план од проектот “Јакнење на капацитетите на граѓанските организации” спроведуван од Дански совет за бегалци (ДРЦ), а финансиран од Европската агенција за реконструкција -ЕАР) во текот на месец април 2006 година беше објавен повик до членките на СЕГА за пријавување на претстваници по трите сектори на СЕГА: Образование, Здравство и Застапување и Лобирање. На три поединечни секторски сосотаноци, со членовите на организациите, беа презентирани долгрочните стратешки определби по однос на трите сектори во согласност со Стратешкиот план на СЕГА. Со

[1] Број на освени гласови

демократски приод беа избрани раководителите на секторите и тоа: Томислав Здравкоски – Сектор образование, Христијан Нушков – Сектор здравство и Никола Ѓорески - Застапување и Лобирање. На вие состаноци се изготвија акциони планови за активности кои ќе се реализираат во наредното двомесечие.

- **Регрутирање и креирање на база на податоци на волонтери по регионални канцеларии на СЕГА**

Според акционите планови кои се изготвија на програмските работилници, во текот на месец мај 2006 година беше објавен повик до членките на СЕГА за пријавување на волонтери по трите сектори на СЕГА. Најголем дел од членките испратија по минимум еден член (волонтер) за секој сектор. Собраните информации беа процесуирани до РК на СЕГА во Штип, каде регионалниот асистент Драгана Митровиќ ја воспостави и тековно ја надополнува базата на податоци со волонтери на СЕГА.

- **Подготовка и реализација на студиска посета во Националниiот Младински Совет на Р. Словачка**

Подготовките за реализација на студиска посета во **Националниiот Младински Совет на Р. Словачка** (која поради објективни причини неколку пати беше одложувана) се одвиваа континуирано во периодот на месеците мај-јуни 2006 година. Истите се засноваа на адаптирање на агендата за работа, обезбедување на писмени гаранции од Министерство за надворешни работи на Р. Словачка, обезбедување патнички осигурувања, авио билети и визи за членовите на СЕГА кои ја сочинуваа делегацијата. Според планираното навремено беа реализирани сите подготвителни активности и во период од 18-24 јуни 2006 година се рализира студиската посета. Колаицијата ја претставуваа: Зоран Илиески-Извршен директор, Даниела Кузмановска-Региоанлен асиситент, Илинка Ристевска-Преставник на полно правна членка на СЕГА, Димче Каневче-Претседавач на Управн Одбор на СЕГА и Зоран Богдановски-Член на Надзорен одбор. За време на студиската посета беа рализирани повеќе состаноци со владни институции и невладини организации, како и работилници кои беа фокусирани на размена на искустава и долгорочна одржливост на организацијата. Од студиската посета е изработрен посебен извештај, кој по барање може да Ви биде доставен.

- **Подготовка и испорака на обуки за Стратешко Планирање по регионалните канцеларии на СЕГА**

Спред стратешката определба "Континуиран развој на капацитетите на коалицијата" (од стратешкиот план на организацијата) во периодот на месец јуни 2006 година беа превземени сите активности за организирање на обуки за СП во четирите региони каде СЕГА има свои регионални канцеларии. Активностите опфаќаа: објавување на информација на е-маил листата на СЕГА, пријавување на заинтересирани организации, обезбедувањена четири помошници (од редовите на коалицијата) на тренерот за СП и организирање на ТОТ за помошниците. Во предвидените временски рамки сите активности беа реализирани и во периодот на втората половина од месец јуни 2006 година се реалзираа обуките за СП во сите регионални канцеларии на кои што учесетвуваа 12 локлани членки на СЕГА. По завршувањето на обуките организациите превзедоа соодветни задолженија за изготовка за потполнување на алатки кои се потребни за финализирање на сопствените СП. Во текот на месец август 2006 се одржаа вторите работилници за СП на кои се финализираа СП на членките на СЕГА, со што ќе се осигура долгорочно планирање на стратегиите и активностите на локалните членки на СЕГА. До крајот на 2006 година вкупно 3 организации ги изготвија и усвоија своите стратешки планови

- **Формирање и функционалност на ФР тим**

Во насока на исполнување на страегиите и обезбедување на функционална структура која ќе работи во согласност со стратешката определба "Долгорочна финансиска одржливост на коалицијата" во текот на месец април 2006 година беше објавен повик за пријавување на заинтересирани членови за ФР тимот на СЕГА, според кој во утврден времески рок од заинтересираните беше побарано да испратат CV и мотивационо писмо. Во утврдениот рок аплицираа 5 лица со потребната документација, кои на наредниот состанок на Управниот Одбор на Коалиција СЕГА, беа предложени за членови на ФР тимот од страна на извршниот директор.

Во меѓувреме, членовите на организиациите кои го посетија тренингот за прибирање на средства (одржан во месец февруари 2006 година) на три еднодневни работилници кои се одржаа во центарлната канцеларија на СЕГА изготвија три ФР акциони планови и тоа: ФР план за Годишната програма, ФР план за стратешката определба "Функционирање и развој на Младински пријателски сервиси на локално ниво" и ФР план за секторите на СЕГА.

- **Поготовка на Advocacy кампања**

Со цел да придонесување кон подобра информираност и вклученост на младите и младинските организации во имплементацијата на НСМ, коалицијата започна да работи на подготовка на кампања за младинско организирање со која:

- би се адресирало прашањето на усвојување на НСМ од страна на парламентот
- би се воспоставиле партнерски односи со АМС околу подготовките за имплементација и самата имплементација на НСМ
- би се проценил капацитетот на младинските НВО за вклучување во процесот
- би се добиле информации за ставовите на младинските НВОи околу начинот на имплементацијата
- активности со кои би се подигнал профилот на Коалицијата меѓу целната група.

Во периодот на април-мај 2006 година континуирано се одржуваа соостаноци со домашни и меѓународни фондации и организации кои што имаа за цел обезбедување на поддршка за реализирање на кампањата како и на стратегиите и активностите кои коалицијата ги превзема и реализира. Во предвидениот период се рализираа сосотаноци со:

- UNICEF (Македонија)
- ФИООМ
- DRC (Дански совет за бегалци)
- AMS (Агенција за млади и спорт)
- FORUM SYD
- ITZ (Институт за развој на заедниците)
- Balkan Children and Youth Foundation
- BYWB (програма на УСАИД во Македонија)
- ЦИРА (Центар за институционален развој)
- SNV (Norwegian Development Organization)

Поединечните сосотаноци помогнаа кон зацврстување на соработката со наведените организации а како резултат на истите произлегоа и дополнителни активности (follow up) како што е започнување на изработка на заеднички проект со Forum Seed,

воспоставување на долгорочна соработка со SNV која ќе биде регулирана со Меморандум за соработка, со што воедно се зацврстува и нашта позиција во процесот на имплементација на НСМ.

- **Реализација на активности од проектот "Градење на координиран Национален одговор кон ХИВ/СИДА во Република Македонија" во партнерство со ХОПС, Министерство за здравство и Global Found**

Во насока на зајкнување на внатрешните партнерски односи на организациите членки и колаицијата, по иницијатива на ХОПС Скопје, организација која учествува во реализацијата на преоктот "Градење на координиран Национален одговор кон ХИВ/СИДА во Република Македонија" во партнерство Министерство за здравство на Р.М. и Global Found, во текот на месец март 2006 година се потпиша Меморандум за соработка помеѓу двете организации со кои се прецизираат одговорностите на двете страни во насока на имплементација на активностите од именуваниот проект. Според истиот СЕГА превзеде обрвска за опфаќање на 2000 млади од Македонија преку организаирање на едукативни работилници преку четирите регионални канцеларии и централната канцеларија. Активностите предвидено е да се ралризираат во период мај-септември 2006 година.

- **Развивање на административни документи**

Воспоставувањето на админсиративните процедури и документи беше еден од приоритетите на работа за 2006 година. За таа цел регионалниот асистент од канцеларијата во Штип (Даргана Митровик) заедно со администраторот на коалицијта Гоце Конески во текот на месец април 2006 година развијаа повеќе административни документи кои се наменети за внатрешното и надворешното функционирање на коалицијата. Административните документи ќе бидат дел од функционирањето и на регионалните канцеларии на коалицијата.

- **Сосотаноци со донатори за обезбедување на дополнителни средства за реализација на проектот "ADVANCED FUNDRAISING TRENING- Access to funding for your organizations in Europe"**

Следејќи ги стратешкиите насоки, од стратешкиот палн на СЕГА ("Континуиран развој на капацитетите на коалицијата") на почетокот на 2006 година беше изготвен предлог проект "Пристап на младинските НВОи до фондовите на ЕУ" и аплиациран до Агенцијата за млади и спорт на Р.М. (АМС) По добиениот позитивен одговор за делумно финансирање на проектот од страна на АМС, беше воспоставена коресподенција и организирани соостаноци со повеќе домашни и меѓународни организации. Како резултат од истите во текот на месец април 2006 година се постигна согласност за партнерско организирање на тренингот заедно со BYWB. На повеќето координативни состаноци со BYWB детално се утврди датумот на организаирање на тренингот (27-29 јули 2006 година) како и одговорностите на секоја од страните, за да во наредниот период се започнаа сите подготвителни активности за организирање на тренингот.
Во текот на месец јуни од проектниот период беа прибрани сите апликации од учесниците кои се пријавија за учество на тренингот, врз основа на што се направи селекција (според нивните лични биографии и писма за мотивација) од 16 учесници од младински организации од Македонија, 4 учесници од Албанија, 4 учесници од Косово и 3 учесници од Црна Гора. (вкупно 27 учесници).
Тренингот се одржа во периодот од 27 до 29 јули 2006 во хотел Метропол во Охрид под името "Advanced Fundraising Training".

Учесниците на оваа обука се здобија со потребните вештини и знаења за програмите на Европската Унија и Советот на Европа, а кои можат да ги користат младинските организации.

- **Координативни состаноци**

За време на реализиацијата на предвидените активности за месец август 2006 година кои вклучуваат организирање на два координативни состаноци со сите носители на функции и два работни состаноци со членовите на ФР тимот, учествуваа повеќе од 40 членови на сите настани.
Првите, координативните состаноци беа наменети да обезбедат континуирано следење на тековните активности, планирање на идни активности како и распределба на одговорности во согласност со позициите. Со цел да се подготви двомесечно планирање на активностите на коалицијата, на 12.08.2006 во регионалната канцеларија на СЕГА во Охрид се одржа првиот координативен состанок. Резултат од работата на овој состанок беше подготвен акционен план за работа на трите сектори на коалицијта како и на ФР тимот за периодот септември-октомври 2006 година. Вториот состанок се одржа на 30 август 2006 година во Централната канцеларија на СЕГА на кој беа презентирани остварените резултати и научените лекции од спроведените активности за месец август. Од евалуацијата на настанот можеме да кажеме дека ваквиот тип на активности се моногу корисни за внатрешното функционирање и помага за подлабка инфомираност на сите одговорни позиции во коалицијата, а воедно и влијае врз навремено отстранување на можните препреки.

Во текот на месец август 2006 година се одржаа две работни средби со членовите на ФР тимот. На првата средба, која се одржа на 13 август 2006 година во регионалната канцеларија во Охрид, се работеше на финализирањње на предлог проектот за организирање на семинар за размена на ФР искустава. Втората средба со ФР тимот, одржана на 31 август 2006 година во регионалната канцеларија во Скопје, која беше наменета за детализирање на подготвителните активности од Семинарот за размена на ФР искуства. Како резултат од оваа средба се распределените нови задачи за ФР тимот кои треба да бидат реализирани во текот на месец септември 2006 година.

- **Состаноци со SNV Netherlands Development Organization**

Со цел обезбедување на нови партнерства, зајакнување на соработката со партнери на коалицијата во текот на месеците април – јуни 2006 година беа одржани повеќе состаноци со SNV (Netherlands Development Organization) на кои се разгледуваа можности за соработка помеѓу СЕГА и SNV. По покана на SNV, во текот на месец мај 2006 година, претставник на коалицијата учествуваше на консултативна средба по однос на стратешкиот план на SNV, на која даде неколку сугестии и коментари кои беа позитивно оценети и прифатени од страна на SNV. Како резултат од континуираната соработка беа утврдени следните можности за соработка:

- Поддршка на работата на тимот за прибирање фондови при планирање на сопствените активности на делување (пр: подготовка и изведба на „донаторската средба")
- Поддршка во процесот на изготвување на младински политики / локални младински стратегии
- Поддршка на работата на младинските пријателски сервиси- подготовка на програмите по различни сектори (образование, здравство, лобирање и застапување)
- Поддршка на капмањата за транспарентност на НСМ при:

- истражување на младински оргнизации
- промоција на локално ниво
- национална конференција
- Јакнење на капацитетите на одделни младински организации
- Јакнење на капацитетите на младинските координативни тела
- Поддршка при формирањето и функционирањето на тренинг центар

За да се воспостави институционален приод кон склучување на долгорочните партнерства на коалицијата, Управниот Одбор на СЕГА треба да донесе одлука за стапување во долгорочно партнерство со SNV, по што ќе се изготви и акционен план за идните заеднички активности.

- **Работилници со FR тимот на СЕГА**

Во насока на исполнување на активносртите од акциониот план на ФР тимот, во периодт на месеците мај-јуни 2006 година, членовите на ФР тимот одржаа 4 работни состаноци (работилници) кои имаа за цел да развијат концепт на предлог проект за организирање на Семинар за размена на ФР искустава, кој е дел од Развојниот план од проектот "Јакнење на капацитетите на граѓанските организации" спроведуван од Дански совет за бегалци (ДРЦ), а финансиран од Европската агенција за реконструкција (ЕАР). Како резултат на одржаните работилници кон крајот на јуни 2006 година, ФР тимот изработи првична верзија од предвидениот предлог проект. Во континуитет во текот на наредните два месеци од подготовки (јули-август 2006 година) очекуваме дека ќе бидат завршени сите подетални припреми околу семинарот и дека, во текот на месец септември 2006 година, ќе се одржи Семинарот за размена на ФР искустава. Преку активностите кои ќе бидат дел од овој настан ФР тимот очекува да обезбеди 10 000 ЕУР.

- **Сосотаноци со организации кои испорачуваат странски волонтери**

Според активностите предвидени со Стратешкиот план на СЕГА, како и структурата на функционирање на регионалните канцеларии, во текот на тромесечието кое е предмет на известување, интензивно се одржуваа контакти со организациите кои испорачуваат волонтери од странски држави (EVS и US Peace Corps).
По иницијатива на **US Peace Corps** во Македонија, во периодот на месеците мај-јуни 2006 година, беа одржани два сосотаноци со Peace Corps во централната канцеларија на СЕГА. Целата на овие сосотаноци беше да се развие меѓусебна соработка и да се изнајдат начини како може да се воспостават долгорочни партенерски односи.
После одржувањето на сосотаноците следеше континуирана интернет комуникација и размена на инфомации, преку испраќање на формуилари и прашалници според процедурите на Peace Corps. Очекуваме во текот на идните месеци да добиеме информација за кои од регионалните канцеларии и централната канцеларија Peace Corps може да обезбеди волонтери.

- **Состанок со World Learning**

Во насока на исполнување на утврдените стратешките насоки (од стратешкиот план на СЕГА -"Континуиран развој на капацитетите на коалицијата"), со поддршка и лобирање на долгорочниот партнер на СЕГА, Balkan Youth Without Borders се воспостави комуникација и соработка со World Learning (програма на УСАИД во Македонија). Целата на соработката е да се искористат контактите и партнерствата кои СЕГА ги има воспоставено со други организации од Европа од каде би можело да се научат нови искустава како и добри практики. Во таа насока во текот на јуни 2006 година се одржа

трипартититен сосотанок (СЕГА, BYWB и World Learning) на кој се разгледуваа можностите за посета на European Youth Forum која би имала две цели:

- тренинг на членовите на СЕГА за Found Raising and organizational sustainability
- зајакнување на соработката со цел припрема на СЕГА за членство во EYF

Според планот, после рализирањето на оваа активност би се организирале регионални работилници на темите Found Raising and organizational sustainability, со што би осигурале трансфер на стекнатите знаења и добрите практики како follow up активности од посетата.

Реализацијата на оваа активност може да се случи во периодот на месеците февруари-март 2007 година.

- **Подготвување на партнерски проект со креирање на локални младински политики**

Според стратешките определби на Националната Стратегија за Млади и насоките на Европската повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот, по основ на отворениот повик за проекти од страна на ФИООМ, коалицијата подготви и навремено аплицираше предлог проект "Креирањена локални младински политики". За да осигураме сигурна имплементација на предлог проектот, но и остварување на очекуваните резултати беа обезбедени Меморамдуми за соработка со градоначалниците од следните општини:

- Охрид
- Штип
- Прилеп
- Скопје (општина Карпош)

Предвидено беше проектот да се реализира во трите регионални канцеларии и централната кацеларија на СЕГА, резултатите од реализацијата на истиот би обезбедеиле креирање на четири локални младински политики (со вклучени детални акциони планови за имплементација) кои би ги усвоиле општините на соодветните општини.

За жал, во утвредениот временски рок за известување, добивме негативен одговор за финансиска поддршка на предлог проектот од страна на ФИООМ.

Активностите за обезбедување на фондови за имплементација на истиот предлог проект ќе продолжуваат и во наредниот период.

- **Реализација на работилници со волонтери на СЕГА, во регионалните канцеларии**

Според акционите планови на трите сектори на коалицијата (Образование, Застапување и Лобирање и Здравство) во периодот на месец јуни 2006 година беа превземени активности за организирање на првите секторски работилници за волонтерите на СЕГА. Според истите во предвидениот период се организираа ориентациони работилници за колаицијата во четирите регионални канцеларии на СЕГА (Охрид, Скопје, Тетово и Штип). На работилниците беше презентиран историјатот и развојот на коалицијата, дел од стратешкиот план на СЕГА и основните насоки од Националната Стратегија за млади на Р.М., а раководителите на сектори накратко ги презентираа долгорочните планови на секој сектор поединечно. Како резултат од овие работилници се изработија секторски акциони планови за работа во наредните два месеци, а се регрутираа и првите 60 (шеесет) волонтери на СЕГА.

- **Организирање на Обука за младинска политика и застапување и лобирање за волонтерите од секторот образование**

Со цел да се обебзеди зголемување на знаењата на младите волонтери од секторот Образование како и нивно поврзување, преку регионалните канцеларии беше објавен конкурс за пријавување на волотерите за учество на обука за младинска политика и застапување и лобирање.

Од 20-22 октомви 2006 година во хотел Климетица во Охрид се организира обуката за Младинска политика, лидерство и застапување и лобирање. На истата учетво зедоа 21 волонтер од секторот Образование од повеќе градови од МК, двајца тренери и раководителот на секторот со логистичар. За време на обуката младите луѓе ги зголемија нивните знаења и способности за младинска политика, развивајќи ги воедно нивните лидерски способности. Во согласно со евалуацијата на обуката 95% од учесниците изјавиле дека ги зголемиле нивните знаења со темите обработувани на тренингот, и 85% изјавиле дека сметаат дека најкорисни теми на обуката биле "Младинско лидерство" а 86% семтаат дека најкорсина била темата поврзана со "Планирање на процеси и процеси на донесување на одлуки". Како follow up секој од учесниците превзеде одговорност за организирање по две работилници со врсници од заедницата, обезбедувајќи во исто време потврда на научените знаења и вештини во текот на обуката.

- **Реализација на студиска посета на Европскиот младиснки форум во Македонија**

Во текот на месец октомври 2006 година делегација на Европскиот младиснки форум (European Youth Forum) беше во студиска посета на Македонија. Студиската посета беше со цел да се согледа состојбата со младинската политика и развојот на младинската работа во Македонија, ситуацијата со младинското оргaнизирање и истовремено да се согледаат можностите за поддршка од страна на Европскиот младиснки форум за развој на младинската работа и развојот на младинската политика во Македонија. Во согласност со процедурите на работа главен домаќин на делегацијата им беше AEGEE во Македонија (како нивна членка), а ко-домаќин Коалицијата СЕГА. Во насока на исполнување на предвидената агенда коалицијата ја пружи неопходната логистичка поддршка на делегацијата, организирајќи ги состаноците со претставници од АМС, ЛС Прилеп, ЛС Битола и состаноци со младински организации од Прилеп и Битола. Извештајот од студиската посета беше дистрибуиран до сите членки на коалицијата преку е-маил листата и до сите партнери на коалицијата.

- **Организирање на семинар за размена на ФР искуства**

Во согласно со годишната програма за 2006 и планот за работа на ФР тимот на коалицијата, кон крајот на годината беше предвидено да се организра Семинар за размена на искуста во прибирање на средства во РМ. Во текот на месец септември во партнерство со Агенцијата за млади и спорт на РМ и Центарот за институционален развој ЦИРА и со поддршка на ДРЦ/ЕАР беа превземени сите активности за реализација на оваа активност.
За да се обезбеди вклучување на организациите членки на коалицијатата како и на други младински организации од Македонија беше објавен оглас за учество на сите организции кои имаат интерес за учество на настанот. За да обезбедиме учество на бизнис секторот во периодот на подготовката на настанот беа организирани повеќе состаноци со претставници на Германос, Витаминка, Т-Мобиле, Космофон, Аксон треијдинг и други. Подготвителниот период за семинарот вклучи: воспоставување на контакти и комуникација со здруженијата на граѓани кои имаат искустава во прибирањето на средства, тековна комуникација со партнерите за имплементација, подготвување на работни материјали и комуникација со домашните и странските донатори во Македонија.
Од 22-23 ноември 2006 година во просториите на British Council во Скопје се одржа семинарот "Размена на искустава во прибирањето на средства во Република Македонија". На семинарот учествуваа 34 претставници од младински организации, владини институции, претставници од бизнис секторот и претставници од домашни и странски донатори (16 членови на СЕГА, 4 претставници од други младински организации, 1 претставник од Владата на РМ-Министерство за Финансии, 2 претставници од бизнис секторот, 4 претставници од домашни и странски донатори).

**Зоран Илиески с.р.**
**Извршен директор**

**Прилеп, 31.01.2007 година**